Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 118/0306
18.03 2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од Гоце Савев, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Магазин.мк, со текстот насловен „Скандал во кочанско училиште: директорот поставувал камери и снимал малолетни деца", го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 3.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 февруари 2020 година, Гоце Савев, поднесе жалба за текстот со наслов „Скандал во кочанско училиште: директорот поставувал камери и снимал малолетни деца“, објавени на 27 февруари 2020 година, на интернет – порталот „Магазин.мк“ (www.magazin.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, незастапена втора страна и дека нема разграничување меѓу рекламирање и новинарска содржина.

Савев во прилог на жалбата го достави и демантот испратен до „Магазин.мк“, во кој, меѓу другото, бара негово објавување и отстранување на текстот. Тој во демантот посочува дека во спротивно ќе биде принуде да поднесе тужба до порталот и до авторот на содржината.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Магазин.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 3.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 март 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Текстот, несомнено, произлегува од јавниот интерес, зашто авторот обработува тема за условите во училиштата, во случајов, во Средното училиште „Гошо Викјентиев“ во Кочани. Сепак, Комисијата се согласи дека текстот е едностран и тенденциозен, зашто авторот, кој веста ја заснова на информации и фотографии, доставени од ученици и професори од училиштето, не го испочитувал основното новинарско правило да побара став од директорот на училиштето, кој е предмет на критика во текстот и е подносител на жалбата. Иако, носителите на јавни функции се легитимна новинарска цел и подлежат на построг јавен надзор, новинарското известување не смее да отстапува од етичките и професионални стандарди.

Комисијата најде во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во насловот и следната реченица од текстот:

***„Скандал во кочанско училиште: директорот поставувал камери и снимал малолетни деца“***

***„Со овој гест Гоце Савевски направил неколку престапи: 1.Злоупотреба на службена должност и конфликт на интереси со тоа што го употребил буџетот на училиштето за набавување на апарати и услуги од компанијата чиј е.“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата констатираше дека интернет-порталот „Магазин.мк“ го објавил демантот, испратен од жалителот, но не на начин како што наметнува новинарската професија. Комисијата заклучи дека објавениот демант изобилува со полемични коментари и повеќе наликува на критички новинарски текст, како што е во следниве неколку реченици:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

****Скандалозен демант на директорот на кочанското училиште конечно до редакцијата на Магазин.***

****Директорот на кочанското училиште не престанува да изненадува.***

****Повторно не е јасно истакнато која лага сме ја изнеле во текстот што е поврзана со неговата личност, за волја на вистината искуството покажа дека не сме ние тие што изнесуваат невистини.***

****Демантот на Гоце Савев ги потврдува нашите наводи дека во училиштето постојат камери и дека подовите се распаѓаат.***

Оттука, Комисијата утврди дека во текстот на „Магазин.мк" е прекршен и **членот 3** од Кодексот на новинарите, во делот дека одговорите не треба да бидат проследени со полемичен редакциски коментар.

Исправката, демантот или одговорот треба да биде во разумна должина, во релација со темата и во пристојна форма. Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи.

* * *

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и:

*** Членот 18 од Законот за медиуми (објава на исправка) во делот во кој се вели:**

Исправка се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. **Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка.** Исправка без согласност на подносителот на барањето не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Магазин.мк“ (www.magazin.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595